***5 Март – Патрон празник на нашето училиште „Страшо Пинџур„ – село Мало Коњари***

Во чест на херојот, одбележуваме 108 години од раѓањето на нашиот патрон Страшо Пинџур и одбележуваме 68 години од постоењето на училиштето. Во чест на ликот и делото на Страшо Пинџур, цвеќе пред бистата на херојот положи делегација од Општина Прилеп, директорот и претставници од Советот на Општина Прилеп како и вработените во училиштето.






Потоа директорот д-р Зоран Петрески им се обрати на присутните, им се заблагодари на присуството и се наврати на работата и постигнувањата на училиштето во изминатата година. Заедно со присутните, ја проследија пригодната програма која беше подготвена од нашите ученици, заедно со наставниците како ментори.






„Образованието е пасош за иднината.
Тоа што вие го добивате денес е темел
за она што ќе бидете утре"






YOU LOOK SO COOL















Богатата културна програма преку рецитали, драмски изведби и танци го претстави животот и делото на народниот херој, Страшо Пинџур. Да ги продолжиме неговите дела, да ги оствариме неговите сакани, а неостварени идеали.

СРЕЌЕН ПАТРОНЕН ПРАЗНИК!



